<table>
<tr><td colspan="2">Наслов на активноста</td><td colspan="2"><u>Мојот животен пат</u></td></tr>
<tr><td>Времетраење ( ориентационо)</td><td>40 минути</td><td>Одделение</td><td>VII</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Цели и очекувани исходи:</td><td colspan="2">- знае за концептот за себе и за сопствената единственост;<br>- знае различни начини на изразување на способностите и капацитетите преку работа и слободни активности;<br>- можат да идентификуваат битни моменти и личности од својот живот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потребни материјали:</td><td colspan="2">- клупче конец(волница)<br>- природни материјали(каменчиња, гранчиња, цветови.....)</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Детален опис на активноста:</td><td>Воведни активности:</td><td colspan="2">Ice breaker активност- „Мрежа“<br>Учениците се поставени во круг и по пример од наставникот кој има клупче конец(волница) во рацете, кажуваат како се чувствуваат денес и го подаваат клупчето на друг учесник од групата, кој треба исто така да каже како се чувствува и да го подаде клупчето на друг ученик....<br>На тој начин тие „плетат мрежа од чувства“</td></tr>
<tr><td>Главна активност:</td><td colspan="2">Мојот животен пат <u>Активноста се изведува во  надворешни услови-парк,училишен двор....).</u><br>Наставникот внимателно им ја објаснува планираната активност на учениците. Секој ученик треба да најде „свое место“ каде што ќе застане...Треба да размислат за својот досегашен  живот.....Битни случки и настани.... личности кои ги сретнале ,кои на некој начин зазеле место во нивниот живот...Потоа треба од „своето место“да најдат природни материјали(каменчиња,гранчиња,цветови...) со кои ќе го претставaт сликовито  својот „Животен пат“  .....Наставникот внимава и ги поттикнува учениците да размислуваат позитивно и активно да учествуваат во активноста.</td></tr>
<tr><td>Завршна активност:</td><td colspan="2">Откако ќе заврши активноста, сите ученици  седнуваат во круг и разговараат за изминатата активност....Дали им беше интересно?Дали им беше тешко да издвојат битни моменти и личности?Дали им беше тешко да го илустрираат својот „Животен пат“...<br>Потоа секој од учениците пооделно  го претставува „Своето место“ и својот“Животен пат“ пред другите ученици....</td></tr>
<tr><td colspan="2">Забелешка-</td><td colspan="2">Доколку немате можност да се изведе активноста во надворешни услови, може и во училница....</td></tr>
</table>

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.